# Службен гласник

## на Општина Струмица

| Број 10 | Вторник, 29 август 2017 год. |
|---|---|

www.strumica.gov.mk


**С о д р ж и н а**

### Вршител на должноста Градоначалник на општина Струмица:


| Рег. бр. | | Стр. |
|---|---|---|
| **139.** | **Одлука** за разрешување директор на Јавното претпријатие за енергетски дејности „Струмица - Гас“ Струмица ...... | 2 |
| **140.** | **Решение** за именување вршител на должноста директор на Јавното претпријатие за енергетски дејности „Струмица - Гас“ Струмица ..................... | 2 |


### Совет на општина Струмица


| Рег. бр. | | Стр. |
|---|---|---|
| **141.** | Одлука за определување на места за истакнување изборни плакати за Локалните избори - 2017 во Општина Струмица ......................................... | 3 |
| **142.** | Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 6280 и 105/1 КО Струмица ............. | 4 |
| **143.** | Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 958 КО Просениково вон г.р ............................ | 4 |
| **144.** | Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 3839 и 3844 КО Куклиш вон г.р ..................................... | 5 |
| **145.** | Решение за констатирање престанок на мандат на член на Советот на општина Струмица ............................................... | 6 |
| **146.** | Заклучок за давање согласност за прифаќање на поголем број на деца во ЈОУДГ „Детска Радост“ Струмица .......... | 7 |

**139.**

Врз основа на член 24-а став 1 алинеја 1 и став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16) и член 39 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Вршителот на должноста Градоначалник на општина Струмица, донесе

**О д л у к а**
**за разрешување директор на Јавното претпријатие за енергетски дејности „Струмица - Гас“ Струмица**

Член 1

Од должноста директор на Јавното претпријатие за енергетски дејности „Струмица - Гас“ Струмица, на негово барање, се разрешува Зоран Китанов, дипломиран правник од Струмица, сметано од 07.08.2017 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 09-5123/2 Вршител на должност
07.08.2017 год. ГРАДОНАЧАЛНИК
С т р у м и ц а на општина Струмица
Костадин Костадинов с.р.

................................................

**140.**

Врз основа на член 24-а став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16) и член 39 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Вршителот на должноста Градоначалник на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за именување вршител на должноста директор на Јавното претпријатие за енергетски дејности „Струмица - Гас“ Струмица**

1. За вршител на должноста директор на Јавното претпријатие за енергетски дејности „Струмица - Гас“ Струмица, се именува Благој Милановиќ, дипломиран машински инженер од Струмица.

2. Вршителот на должноста директор се именува сметано од 07.08.2017 година, но не подолго од 6 (шест) месеци.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 09-5123/3 Вршител на должност
07.08.2017 год. ГРАДОНАЧАЛНИК
С т р у м и ц а на општина Струмица
Костадин Костадинов с.р.

................................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), вршителот на должноста Градоначалник на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за определување на места за истакнување изборни плакати за Локалните избори - 2017 во Општина Струмица

Се објавува Одлуката за определување на места за истакнување изборни плакати за Локалните избори - 2017 во Општина Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 25.08.2017 година.

Бр.09-5470/2 Вршител на должност
29.08.2017 год. ГРАДОНАЧАЛНИК
С т р у м и ц а на општина Струмица
Костадин Костадинов с.р.

........................................

**141.**

Врз основа на член 78 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16 и 67/17) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 25.08.2017 година, донесе

**О д л у к а**
**за определување на места за истакнување изборни плакати за Локалните избори - 2017 во Општина Струмица**

Член 1

За истакнување изборни плакати за Локалните избори – 2017, за избор на Градоначалник на општина Струмица и членови на Советот на општина Струмица, што се закажани за 15 октомври 2017 година, во Општина Срумица, се определуваат следните места:

- На раскрсницата на бул. Гоце Делчев“ со ул. “Балканска” ;
- На ул. „Ленинова” на просторот од Дом на пензионерите до раскрсницата со ул. „Цветан Димов”.
- На ул. „Климент Охридски” од пресекот со ул. „Братство Единство” до зградата на новата автобуска станица”.

Член 2

Местата од член 1 на оваа Одлука, за секој подносител на листите на кандитати ќе бидат посебно одбележани.

Член 3

Изборни плакати во населените места можат да се поставуваат на објектите во сопственост на Општина Струмица

Член 4

Изборни плакати можат да се истакнуваат и на станбени и други приватни објекти со претходна согласност од сопственикот на објектот, како со закуп на простор на рекламни паноа и билборди согласно Изборниот законик.

Член 5

Не е дозволено истакнување на изборни плакати од кампањата на објекти, каде што се наоѓа гласачкото место, или просторијата каде што се спроведува гласањето.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”

Бр. 08-5470/1 Совет на општина Струмица
25.08.2017 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

..................................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), вршителот на должноста Градоначалник на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 6280 и 105/1 КО Струмица

Се објавува Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 6280 и 105/1 КО Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 25.08.2017 година.

Бр.09-5471/2 Вршител на должност
29.08.2017 год. ГРАДОНАЧАЛНИК
С т р у м и ц а на општина Струмица
Костадин Костадинов с.р.
.............................................

**142.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15 и 31/16), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 25.08.2017 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 6280 и 105/1 КО Струмица**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште за бесправните објекти, сервиси, кои се наоѓаат на КП бр. 6280 и 105/1 КО Струмица, во сопственост на Гоне Стојков.

Според ДУП за блок бр. 3, објектите на КП бр. 6280 и 105/1 КО Струмица, се наоѓаат во зона со намена заштитно зеленило, а со дел влегуваат во зона на големи трговски единици, на земјиште сопственост на Република Македонија.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 08-5471/1 Совет на општина Струмица
25.08.2017 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

..................................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), вршителот на должноста Градоначалник на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 958 КО Просениково вон г.р.

Се објавува Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 958 КО Просениково вон г.р., донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 25.08.2017 година.

Бр.09-5472/2 Вршител на должност
29.08.2017 год. ГРАДОНАЧАЛНИК
С т р у м и ц а на општина Струмица
Костадин Костадинов с.р.

......................................

**143.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15 и 31/16), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 25.08.2017 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 958 КО Просениково вон г.р.**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат и вклопување на бесправниот објект, станбена куќа, кој се наоѓа на КП бр. 958 КО Просениково вон г.р., во сопственост на Евгенија Спасова.

Објектот на КП бр. 958 КО Просениково вон г.р., согласно УПС на село Просениково, се наоѓа надвор од планскиот опфат, на земјиште сопственост на Евгенија Спасова.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 08-5472/1 Совет на општина Струмица
25.08.2017 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

.......................................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), вршителот на должноста Градоначалник на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 3839 и 3844 КО Куклиш вон г.р.

Се објавува Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 3839 и 3844 КО Куклиш вон г.р., донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 25.08.2017 година.

Бр.09-5473/2 Вршител на должност
29.08.2017 год. ГРАДОНАЧАЛНИК
С т р у м и ц а на општина Струмица
Костадин Костадинов с.р.

...............................................

**144.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15 и 31/16), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 25.08.2017 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 3839 и 3844 КО Куклиш вон г.р.**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат и вклопување на бесправниот објект, викенд куќа, кој се наоѓа на КП бр. 3839 и 3844 КО Куклиш вон г.р., во сопственост на Кире Димкин.

Објектот на КП бр. 3839 и 3844 КО Куклиш вон г.р., согласно Урбанистички план на село Куклиш, се наоѓа надвор од планскиот опфат, на земјиште сопственост на Република Македонија.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 08-5473/1 Совет на општина Струмица
25.08.2017 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

...........................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), вршителот на должноста Градоначалник на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Решението за констатирање престанок на мандат на член на Советот на општина Струмица

Се објавува Решението за констатирање престанок на мандат на член на Советот на општина Струмица, донесено на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 25.08.2017 година.

Бр.09-5474/2 Вршител на должност
29.08.2017 год. ГРАДОНАЧАЛНИК
С т р у м и ц а на општина Струмица
Костадин Костадинов с.р.

.......................

**145.**

Врз основа на член 46 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 25.08.2017 година, донесе

**Р е ш е н и е**
**за констатирање престанок на мандат на член на Советот на општина Струмица**

1. Се констатира престанок на мандатот на членот на Советот на општина Струмица – Борче Хаџиев, сметано од 03.08.2017 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 08-5474/1 Совет на општина Струмица
25.08.2017 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

..........................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), вршителот на должноста Градоначалник на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за давање согласност за прифаќање на поголем број на деца во ЈОУДГ „Детска Радост“ Струмица

Се објавува Заклучокот за давање согласност за прифаќање на поголем број на деца во ЈОУДГ „Детска Радост“ Струмица, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 25.08.2017 година.

Бр.09-5475/2 Вршител на должност
29.08.2017 год. ГРАДОНАЧАЛНИК
С т р у м и ц а на општина Струмица
Костадин Костадинов с.р.

.........................................

**146.**

Врз основа на член 64 став 5 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15 и 27/16), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 25.08.2017 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност за прифаќање на поголем број на деца во ЈОУДГ „Детска Радост“ Струмица**

1. Се дава согласност на барањето на ЈОУДГ „Детска радост“ Струмица, за прифаќање на поголем број на деца во клоновите на градинката, бр. 03-168/1 од 14.08.2017 година.

2. Стручните и раководните органи во градинката, при прифаќањето на поголем број деца, да водат сметка, со зголемениот опфат на деца, да не се нарушат општите стандарди и нормативи за згрижување на децата во одделните клонови и воспитно - згрижувачките групи, согласно возраста на децата, пропишани со Законот за заштита на децата и правилниците за стандардите и нормативите за вршење на дејноста во детските градинки.

3. Имајќи во предвид дека веќе подолг период проектираниот капацитет за 590 деца, не ги задоволува потребите за прием на деца во детската градинка во Струмица, да се упати барање до Министерството за труд и социјална политика, за преземање на потребните активности за преадаптација на простории во други објекти (училишта, домови на културата и сл.) доградба на постојните клонови на детската градинка и изградба на најмалку две нови детски градинки во Струмица.

4. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-5475/1 Совет на општина Струмица
25.08.2017 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

........................................